# ПРОЦЕНКА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА НА ИНТЕРНЕТ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Биро за развој на телекомуникации

© ITU 2021

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа публикација не смее да се умножува, на кој било начин, без претходна писмена дозвола од ITU.

Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

## Содржина

Листа на акроними и кратенки **Error! Bookmark not defined.**

Признанија **Error! Bookmark not defined.**

Резиме **Error! Bookmark not defined.**

1 Вовед **Error! Bookmark not defined.**

1.1 Основи и цели **Error! Bookmark not defined.**

1.2 Цели за одржлив развој **Error! Bookmark not defined.**

1.3 Методологија **Error! Bookmark not defined.**

2 Технологија и заштита на децата на интернет **Error! Bookmark not defined.**

2.1 Тековна состојба 11

Глобален индекс за сајбер-безбедност 13

Користење на интернет и проблеми од страна на деца и родители **Error! Bookmark not defined.**

2.2 Идентификувани проблеми 15

3 Правна рамка **Error! Bookmark not defined.**

3.1 Тековна состојба **Error! Bookmark not defined.**

3.2 Идентификувани проблеми 19

3.3 Препораки – Правна рамка 14 20

4 Национален фокус за заштита на децата на интернет **Error! Bookmark not defined.**

4.1 Вклученост на засегнати страни 21

4.1.1 Идентификувани проблеми **Error! Bookmark not defined.**

4.2 Национален фокус за училиштата 22

Училишта и наставна програма за дигитални вештини **Error! Bookmark not defined.**

Способност на наставниците **Error! Bookmark not defined.**

Заштита на децата **Error! Bookmark not defined.**

4.2.1 Идентификувани проблеми 24

Способност на наставниците **Error! Bookmark not defined.**

Малтретирање (силеџиство) и онлајн злоупотреба **Error! Bookmark not defined.**

Координација за заштита на децата **Error! Bookmark not defined.**

4.3. Вклученост и активности на НВО 24

4.3.1 Идентификувани проблеми 25

4.5 Препораки - Национален фокус за заштита на децата на интернет 26

5 Развој на локални ресурси **Error! Bookmark not defined.**

5.1 Тековна состојба 28
6 Јавна едукација и свест **Error! Bookmark not defined.**
6.1 Тековна состојба 29
6.2 Идентификувани проблеми **Error! Bookmark not defined.**
7 Механизми за пријавување 31
7.1 Нелегална содржина за злоупотреба на деца на интернет 31
7.1.1 Идентификувани проблеми 32
7.2 Права на децата 32
7.3 Препораки - Механизми за пријавување 32
8 Примена на технички алатки 33
8.1 Идентификувани проблеми 33
8.3 Препорака – Примена на технички алатки 34
9 Анализа и препораки 35
9.1 SWOT анализа 35
19.2 Препораки 36
9.3 Интервјуирани засегнати страни 39
10 Референци **Error! Bookmark not defined.**
Прилог А Резултати од анкетата за децата на интернет 42
Прилог Б- Резултати од анкетата за родителите на интернет 49
Прилог В –Интервјуа со засегнати страни 54
Прилог Г – Кривичен законик 55

## Листа на акроними и кратенки

| | |
|---|---|
| CERT | Национален центар за одговор на компјутерски инциденти |
| GDPR | Општа регулатива за заштита на личните податоци, EU LEX |
| INHOPE | е активна и колаборативна глобална мрежа на телефонски линии (Hotlines), која се занимава со нелегални содржини на интернет и е посветена на отстранување на сексуалната злоупотреба на деца на Интернет. |
| INSAFE | Европската мрежа на центри за подигање на свеста која промовира побезбедно и подобро користење на интернетот; таа е кофинансира од Програмата за побезбеден интернет. |
| OCSEA | Онлајн сексуална експлоатација и злоупотреба на деца |
| SID | Ден на побезбеден интернет |
| SWGfL | Југозападна мрежа за учење |

## Признанија

Овој извештај е подготвен од страна на експертите на Меѓународната унија за телекомуникации (ITU) г-дин Дејвид Рајт и г-дин Борис Радановиќ, со поддршка и водство на Канцеларијата на ITU за Европа, во рамките на регионалната иницијатива на ITU за Европа за зајакнување на довербата и сигурноста во користењето на информациите и комуникациски технологии. ITU сака да изрази искрена благодарност до претставниците на Министерството за информатичко општество и администрација за поддршката и помошта што им ја дадоа на експертите на ITU. ITU, исто така, сака да им се заблагодари на учесниците од Северна Македонија кои покажаа голем ентузијазам за време на работните сесии.

## Резиме

Ништо не е толку важно во животот како заштитата нашите деца од зло. Денес, нивниот свет постои на интернет исто како и во реалниот физички свет, но оние кои се одговорни за заштита на децата често се збунети од ова. Иако заштитата на децата е одговорност на сите, имајќи ја предвид разновидноста и сложеноста на учесниците, технологиите и агенциите, како и можностите и заканите, воспоставувањето национална стратегија што ги поттикнува координираните активности е неодложно.

По подготвителните десктоп истражувања и серија онлајн анкети организирани во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, беа направени интервјуата со голем број засегнати страни кои играат важна улога на полето на онлајн заштита на децата. Беа донесени заклучоци за следните клучни предизвици и препораки. Оваа активност и извештај беа обезбедени од ITU и Југозападната мрежа за учење (SWGfL) во периодот помеѓу ноември и април 2022 година за поддршка на развојот на национална стратегија за заштита на децата на интернет за Северна Македонија.

Примарни предизвици

- Ниска свест за прашањата поврзани со заштита на децата на интернет, особено кај децата и родителите;
- Недостаток на национален центар за примање и управување со извештаи за материјали поврзани со сексуална злоупотреба на деца на интернет;
- Иако има голем број посветени организации и активности за заштита на децата на интернет, недостасува координација и национална стратегија.

Трите приоритетни препораки од овој извештај се:

- Да се спроведе преглед на правната рамка, конкретно фокусирајќи се на улогата на технологијата и осигурувајќи дека опсегот на правните дефиниции подеднакво важи за онлајн и дигиталните технологии;
- Да се формира Национален совет на засегнати страни, со кој претседава владин министер и поддржан од секретаријат;
- Да се формира национален центар за примање и управување со извештаи за материјали за сексуална злоупотреба на деца на интернет.

Четири понатамошни препораки:

- Да се направи сеопфатен академски истражувачки проект за Заштита на децата на Интернет во Северна Македонија;
- За да се подобрат способностите на воспитувачите, од витално значење е сите наставници да бидат способни и да ги забележат проблемите поврзани со заштита на децата на Интернет преку знаците на злоупотреба, како и да им ги обезбедат на децата дефинираните дигитални компетенции;

- Да се подобри достапноста и едноставноста на алатките за контрола од страна на родителите, со кои има подобра заштита на децата и со кои се зголемува свеста кај родителите;
- Формирање на Национален центар за побезбеден интернет за да ги обедини постоечките организации за подобра координација и спроведување на активностите.

# 1 Вовед

## 1.1 Основи и цели

Во согласност со резолуцијата 179 (Рев. Дубаи 2018) од Генералната конференција на Меѓународната унија за телекомуникации (Бусан, 2014[1]година) и во рамките на Регионалната иницијатива на ITU за Европа (WTDC-17, Буенос Аирес) [2] за **Зајакнување на доверливоста и довербата во употребата на информатичките и комуникациските технологии** кои имаат за цел *„да го поддржат распоредувањето на отпорна инфраструктура и безбедни услуги што ќе им овозможат на сите граѓани, особено на децата, да користат ИКТ во нивниот секојдневен живот со доверба*", беше примено барање за помош до ИТУ од страна на Владата на Северна Македонија, за спроведување на Проценка на националната безбедност на децата на интернет, што ќе доведе до развој на национална стратегија и повеќегодишен акциски план. Беше побарана техничка помош со цел идниот пристап да биде во согласност со меѓународните добри практики и упатствата на ITU. Помошта ќе кулминира со поднесување на Национален извештај за проценка на заштитата на децата на интернет, кој ќе вклучува препораки и предлози за да се формира основата на Националната стратегија за заштита на децата во дигитална околина (2020-2026).

Со Националната проценка за заштита на децата на Интернет ќе се нагласи

• Државна проценка на постоечката состојба, дополнета со постоечки статистички извори, која опфаќа инфраструктура, образование, организациски активности и законодавство за заштита на децата;

• Резиме на тековните проблеми со поврзаните онлајн безбедносни одредби заедно со какви било конкретни препораки;

• Предложени области за национална стратегија за безбедност на интернет и акциски план што треба да се разгледаат и да се опфатат во истото. Националната стратегија за безбедност на интернет ќе ги опфати владините субјекти, информатичкото општество (младата генерација, родителите, училиштата и наставниците), телекомуникациските оператори, медиумите и другите релевантни субјекти идентификувани од централната точка во Северна Македонија и експертите на ITU.

## 1.2 Цели за одржлив развој

Заштитата на децата е вообичаена нишка во 11 од 17-те цели за одржлив развој. УНИЦЕФ ги става децата во центарот на агендата за 2030 година, како што е прикажано на сликата подолу.

[1] https://www.itu.int/en/action/cybersecurity/Documents/Resolutions/pp-14_Res.%20179.pdf

[2] https://www.itu.int/md/S16-SG-CIR-0037/en




**Слика 1: Деца, ИК Технологии и Цели за одржлив развој**

ИКТ се сметаат за клучни фактори за постигнување на Цели за одржлив развој. Правилната употреба на ИКТ го подобрува пристапот до основните услуги како што се образованието и здравството, создава работни места и ги зајакнува заедниците. Поконкретно, сајбер-безбедноста е дел од Целта за ОР 9 за индустрија, иновации и инфраструктура со цел *„да се изгради отпорна инфраструктура, да се промовира инклузивна и одржлива индустријализација и да се поттикнат иновациите“.*

Дигиталните нации треба да бидат опремени со цел да овозможат иновативно, но сепак безбедно користење на ИКТ.

Од Целите за одржлив развој, Волонтерско национално испитување од јули 2020 година за Северна Македонија[3]:

*Иако Северна Македонија можеби заостанува во однос на инвестициите во иновации, истражување и наука во споредба со другите земји во регионот, има значително подобрување во оваа област. Само во 2019 година, Северна Македонија значително ги зголеми инвестициите во иновациите. Глобалниот индекс на иновации (GII),37 ја рангираше Северна Македонија на 59 од 129 земји во 2019 година, што ја прави земја со најголем раст на инвестиции во иновациите од 2018 година.38 И покрај подобрувањето, истражувачките и научните активности сè уште добиваат само 0,2 отсто од државниот буџет , што е значително пониско од просекот на ЕУ од 2 отсто. Широкопојасното поврзување е препознаено како суштински извор на конкурентност бидејќи ги негува иновациите, глобалните врски и економскиот раст. Се повеќе луѓе добиваат пристап до интернет и мобилна мрежа. Заклучно со 2019 година, 82 отсто од домаќинствата имале пристап до интернет, во споредба со 74 отсто во 2017 година. Во меѓувреме, повеќе од 99 отсто од населението е покриено со мобилни мрежи.*

Можеме да видиме од Волонтерското национално испитување , дека процентот на поединци кои користат Интернет (на возраст од 15-74 години) постојано се зголемува од само 51,9% во 2010 година на 70,4% во 2015 година на 83,4% во 2019 година.

[3] https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/26387VNR_2020_Macedonia_Report.pdf

## 1.3 Методологија

Извештајот беше составен по подготвително десктоп истражување и дополнет со онлајн анкети пополнети од страна на деца (Додаток А), родители (Додаток Б) и засегнати страни во земјата. Детални состаноци за онлајн интервјуа беа одржани со голем број владини министерства, невладини организации, индустрија и училишта во текот на декември 2021 година (детални списоци на присутни може да се најдат во додаток В).

Структурата и насловите на извештаите беа составени од информации од „Упатствата за креаторите на политики за заштита на децата на Интернет“[4] на ITU и беа дополнети со дел што ги идентификува понатамошните проблеми. Во секој дел се објаснува моменталната состојба и се идентификуваат проблемите. Во последниот дел има илустрација од комбинирана анализа на состојбата и ги детали од заклучните препораки. Препораките се елаборирани од аспект на приоритет и временска рамка заедно со предложени примери на добри практики.

Пред да го подготви овој извештај, ITU ги консултираше и интервјуираше клучните засегнати страни и спроведе повеќе студии и истражувања за да се соберат што е можно повеќе факти. Сепак, имаше моменти кога беа направени разумни претпоставки поради недостапност на информации од засегнатите страни.

Направени се сите напори правилно да се посочат најдобрите извори на информации за овој документ. Меѓутоа, прашањата и предизвиците за безбедност на интернет се постојано променливи и многу сложени. Овој извештај не претставува правен совет и затоа авторите не можат да прифатат никаква одговорност за било каква штета или загуба претрпена или направена без разлика дали директно, последователно, индиректно или на друг начин некој се потпира на информациите во оваа публикација или на која било друга информација наведена во неа.

УРЛ-адресите и референците дадени во овој документ беа точни во времето на нивното објавување, но може да бидат предмет на промена со текот на времето.

[4] Policy-makers | ITU-COP Guidelines (itu-cop-guidelines.com)

# 2 Технологија и заштита на децата на интернет

## 2.1 Тековна состојба

Користењето на интернет во Северна Македонија е во пораст. За Северна Македонија, ITU заклучи дека во 2020 година:

● 81,4% (1.695.000) од населението (2.083.000[5]) користеле Интернет, што претставува зголемување од 1,2% во споредба со 2020 година;

● имало 1.833.689 претплати за мобилни телефони.

Во октомври, We Are Social[6] заклучи дека 1,2 милиони (57,6% од населението) активно ги користат социјалните медиуми, што е зголемување за 9,1% во споредба со 2020 година. 1,17 милиони пристапиле до социјалните медиуми преку мобилен уред. Извештајот, исто така, ги истакна корисниците според платформа

● Фејсбук – 1.000.000

● Инстаграм – 700.000

● Фејсбук Месинџер – 880.000

● LinkedIn – 260.000

● Твитер – 65.200

| **Членка на конвенцијата Ланзароте (Member Lanzarote convention)[7]** | **Членка на моделот Ние заштитуваме (Member We protect model)[8]** |
|---|---|
| 18.0244 Претплатници на фиксна телефонија на 100 жители | 98.4558 Претплатници на мобилна телефонија на 100 жители |
| 19.9363 Претплатници на фиксен (жичен) широкопојасен интернет на 100 жители | 67.4173 Претплатници на мобилен широкопојасен интернет на 100 жители |
| 67.2537% Домаќинства со компјутер | 69.1605% Домаќинства пристап до интернет дома |
| 79.1678% Поединци кои користат интернет | |

[5] http://data.un.org/en/iso/ua.html
[6] https://datareportal.com/reports/digital-2021-north-macedonia
[7] https://www.coe.int/web/children/lanzarote-convention
[8] https://www.weprotect.org/alliance/governments/

Од работниот документ на Европската комисија, извештај за Северна Македонија за 2020[9] година:

*„Онлајн медиумите не се регулирани со закон и имаше понатамошни различни мислења за потребата од регулирање на работата на онлајн медиумите (особено поврзана со дезинформации). Предложено е воспоставување механизам за саморегулација. Во декември 2019 година, Здружението на новинари и Советот за етика во медиумите формираа регистар на онлајн медиуми (promedia.mk) кој е доброволен и поставува голем број минимални професионални барања. Дезинформациите, говорот на омраза, непочитувањето на професионалните стандарди и кршењето на правата на интелектуална сопственост се чести во онлајн медиумите. Во јули 2019 година, властите претставија Акциски план за решителна акција против дезинформациите. Од суштинско значење е професионалците и 31 напорите за поширокaта јавност да разбере и да стане отпорна на дезинформации. Медиумските здруженија го пофалија проактивниот став на властите за спротивставување на „лажните вести“, но исто така предупредија за можните ризици од цензура. Шестмесечна условна казна за оддавање службена тајна доби главниот уредник на онлајн медиум. Медиумските здруженија ја осудија постапката со која тројца новинари беа испрашувани од полицијата барајќи да ги откријат нивните извори и побараа од властите да ги истражат одговорните за неовластените аудио снимки. Новинарите беа лишени од механизмот за поплаки од страна на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради доцнењето на Собранието да го именува нејзиниот директор, што конечно се случи во декември 2019 година”.*

*Од извештајот на Комисијата на страна 56, исто така може да се види:*

*„Дигитализацијата на економијата напредуваше понатаму, но останува ниска во споредба со ЕУ. Процентот на домаќинства со пристап до интернет дома е зголемен за 11 п.п. помеѓу 2014 и 2018 година (79,3%), а употребата на мобилниот широкопојасен интернет е 61% од населението. 56 компании сè уште се соочуваат со ограничувања во однос пристап до фиксниот широкопојасен интернет (19,4% во 2018 година во споредба со 17,2% во 2014 година)“*

*На страна 40 од Извештајот, исто така може да се види:*

*„Во однос на компјутерскиот криминал, во 2019 година се откриени вкупно 56 компјутерски кривични дела (105 во 2018 година). Не се пријавени случаи на производство и дистрибуција на детска порнографија. Беа преземени чекори за поддршка на имплементацијата на стратегијата за сајбер-криминал, вклучително и следење на темната мрежа (darkweb). Северна Македонија треба да продолжи да го зајакнува своето спроведување на законот фокусирајќи се на откривање, следење и гонење на сајбер-криминалците”.*

[9] https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/system/files/2020-10/north_macedonia_report_2020.pdf

## Глобален индекс за сајбер-безбедност[10]

| Земји членки | Резултат | Регионално рангирање | Глобално рангирање |
|---|---|---|---|
| Северна Македонија | 89.92 | 24 | 38 |

North Macedonia (Republic of)




**Development Level:**
Developed Country, Landlocked

**Area(s) of Relative Strength**
Legal, Cooperative Measures
**Area(s) of Potential Growth**
Technical Measures

| Overall Score | Legal Measures | Technical Measures | Organizational Measures | Capacity Development | Cooperative Measures |
|---|---|---|---|---|---|
| 89.92 | 20.00 | 12.37 | 18.98 | 18.57 | 20.00 |

Source: ITU Global Cybersecurity Index v4, 2021

Глобален индекс за сајбер-безбедност за 2020: Профил за Северна Македонија[11]

## Користење на интернет и проблеми од страна на деца и родители

Како дел од, и во подготовка за Извештајот за оценување на децата на интернет, беа спроведени низа онлајн анкети за да се соберат мислења и искуства од децата и родителите. Анкетите беа отворени за одговори во текот на декември 2021 до Март 2022 година и во овој период привлекоа голем број одговори (Родители - 549 и Деца - 769, ВКУПНО - 1318). Важно е да се напомене дека онлајн анкетите не беа спроведени како репрезентативно академско истражување, туку беа наменети само за илустративни цели и за информирање на интервјуата со засегнатите страни. Иако ова не е научно истражување, покажува голем интерес за темата за заштита на децата на Интернет и од страна на децата и од страна на родителите.

Онлајн анкетите доведоа до серија заклучоци:

- Во однос на уредите, и родителите и децата имаат тенденција примарно да користат мобилни телефони, но нивните онлајн активности и користење на услуги се разликуваат. Околу 59% од децата користат социјални медиуми најчесто како нивна примарна активност на интернет, во споредба со само околу 26% од родителите. Поверојатно е

[10] https://www.itu.int/en/ITU-D/Cybersecurity/Pages/global-cybersecurity-index.aspx
[11] https://www.itu.int/dms_pub/itu-d/opb/str/D-STR-GCI.01-2021-PDF-E.pdf

дека родителите го користат Интернетот за пасивни активности или активности поврзани со потрошувачката (гледање, истражување, купување итн.);

- Во однос на услугите, и децата (68%) и родителите (83%) најчесто пријавуваат користење на услугата за пораки Viber. Во однос на споредбата, 85% од родителите пријавуваат дека користат Фејсбук додека само 40% од децата пријавиле дека користат Фејсбук. Околу 59% од децата пријавиле дека користат TikTok и 56% Snapchat во споредба со 7% од родителите кои користат TikTok и 4% Snapchat;
- Youtube е наводно услуга што најмногу се користи помеѓу децата со 91% користење на платформата (во споредба со 63% од страна на родителите);
- Во однос на времето поминато на интернет, се чини дека родителите немаат реална претстава за тоа колку време нивните деца поминуваат онлајн, на пример 40% од децата пријавиле дека поминуваат повеќе од 4 часа на интернет, во споредна со само 19% од родителите кои посочуваат дека нивните деца поминуваат повеќе од 5 часа на интернет;
- Во однос на загриженоста поврзана со интернет, следниве се примарните грижи на родителите (за нивните деца), во споредба со загриженоста пријавена од страна на децата.

| Загриженост од страна на децата | Загриженост од страна на родителите (за своите деца) |
|---|---|
| 1) Време поминато на интернет | 1) Времето што нивните деца го поминуваат на интернет |
| 2) Лажни вести т.е. неточни информации | 2) Несакана и несоодветна содржина |

51% од децата изјавиле дека биле вознемирени од нешто на интернет, што е нешто што родителите исто така точно го предвиделе. Едно од три (32%) од децата изјавиле дека се сретнале лично со некој што го запознале преку Интернет.

И покрај тоа што охрабруваат дека мнозинството 77% од децата би пријавиле проблем кај своите родители, загрижувачки е само 26% од родителите сугерираат дека би знаеле како и каде да пријават какви било проблеми.

Во однос на активностите за безбедност на интернет, 43% од децата сугерирале дека биле подучени за подигање на свеста за безбедноста на интернет и првенствено од нивните

родители. Треба да се напомене дека 26% од децата не биле сигурни дали биде подучени во однос на подигнување на свеста за безбедност на интернет.

Веќе е заклучено дека пристапот до несакана или несоодветна содржина е примарна грижа за родителите, но само 29% од родителите изјавиле дека користат алатки за филтрирање или следење (родителска контрола) и уште позначајно, 20% би ги користеле, но не знаат како да ги инсталираат.

Важно е да се напомене дека оваа онлајн анкета беше ограничена поради донесувањето на заклучоците само за илустративни цели. Целосните одговори може да се видат во Додаток А (Деца) и Додаток Б (Родители).

Овие заклучоци наведени во анкетите беа поддржани и за време на интервјуата со многу засегнати страни, при што многумина идентификуваа ниска свест за прашањата за безбедност на интернет, и кај децата и кај родителите.

## 2.2 Идентификувани проблеми

Од истражувањето и онлајн анкетите е јасно дека технологијата се користи главно од страна на семејства низ Северна Македонија за различни цели. Тоа подеднакво нагласува голем број проблеми, првенствено

● Пристапот до несакана или несоодветна содржина е клучна грижа за родителите и покрај нивните добри намери, многумина немаат способност да го контролираат онлајн пристапот на своите деца

● Родителите се примарна група со која децата ќе разговараат за нивните проблеми на интернет, но многумина не знаат како или кому да ги пријават проблемите со безбедноста на интернет

Едно од најистакнатите прашања споменати од различни засегнати страни беше „Приватната злоупотреба во „Јавните соби“ на Телеграм.

Написите пронајдени на интернет ја опишуваат ситуацијата и проблемите подетално: „Приватна злоупотреба во „Јавните соби“ на Телеграм: Дали Северна Македонија може да се бори против сексуално вознемирување преку Интернет?

*Сепак, дистрибуцијата на детска порнографија не е единственото кривично дело што наводно било извршено во „Јавна соба“. Исто така имаше споделување приватни содржини со голотија без на возрасни жени без нивна согласност и злоупотреба на лични информации, како што е споделување на профили на социјалните мрежи, приватни адреси и телефонски*

*броеви без претходна согласност, што резултираше со сексуално вознемирување преку Интернет.* [12]

[12] https://unbiasthenews.org/macedonia-sexual-harassment-telegram/

# 3 Правна рамка

## 3.1 Тековна состојба

При разгледувањето на степенот до кој прашањата за заштита на децата на Интернет се вклучени во националното законодавство, беа користени голем број извори заедно со коментари од засегнатите страни во Северна Македонија.

Министерството за правда го потенцираше вклучувањето на мерките за заштита на децата во Кривичниот законик, поточно членовите 108, 122, 127, 128, 140, 186, 187, 188, 189, 190, 193, 193-а, 194, б, 194, б, 197, 198, 199, 200, 201, 201-а, 204, 216 и се вклучени во Додаток Г.

Во кратки црти, вклучени се следните детали

Членот 122 ја детално ја опишува дефиницијата за насилство врз дете вклучувајќи

● Убиство на дете при раѓање (член 127)

● Сексуален напад врз дете кое не наполнило 14 години (член 188)

● Обљуба над беспомошно лице (член 187)

● Малтретирање

Членот 193-а вклучува и *Производство и дистрибуција на детска порнографија* [13]

*(1) Тој што произведува детска порнографија со цел нејзино дистрибуирање или ја пренесува или нуди на друг или на друг начин ја става на располагање, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.*

*(2) Тој што за себе или за друг стекнува детска порнографија или поседува детска порнографија, ќе се казни со затвор од пет до осум години.*

*(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку осум години.*

*Понатаму, според Член 193 незаконски е „Тој што продава, прикажува или со јавна презентација на друг начин става достапни слики, аудио-визуелни или други предмети со порнографска содржина на дете под 14 години или му покажува порнографска содржина, , ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.“*

[13] Детска порнографија подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни сексуални дејствија со малолетно или зрело лице кое личи на малолетно лице, или прикажува малолетни или зрели лица кои изгледаат како малолетни лица во очигледна сексуална положба или реални слики кои прикажуваат очигледни сексуални дејствија со малолетник или прикажување на малолетното лице или зрело лице кое изгледа како малолетно во очигледна сексуална положба.

Министерството за правда исто така го истакна и кривичното дело радикализација на деца во контекст на борци.

Министерството за правда, исто така, истакна дека амандманите на Истанбулската конвенција[14] во моментов се во подготовка во парламентот. Истанбулската конвенција е договор на Советот на Европа кој го отвора патот за создавање правна рамка на паневропско ниво за заштита на жените од сите форми на насилство и спречување, гонење и елиминирање на насилството врз жените и семејното насилство.

Еден од засегнатите страни наведе корисно резиме од националните закони за заштита на податоци објавено од OneTrust Data Guidance. Истакна дека *„во февруари 2020 година беше усвоен нов закон за заштита на податоците за усогласување на националното законодавство за заштита на податоците со Општата регулатива за заштита на податоците (Регулатива (ЕУ) 2016/679) („GDPR"). Исто како и GDPR, територијалниот опсег на новиот закон за заштита на податоци е зголемен и тој се однесува на сите организации кои обработуваат лични податоци на поединци кои живеат во Северна Македонија, вклучително и странски организации доколку нудат стоки или услуги на или го следат однесувањето на поединци во Северна Македонија. Како резултат на тоа, многу организации кои не беа предмет на претходното законодавство за заштита на податоците сега се предмет на новиот закон за заштита на податоците, особено онлајн бизнисите кои обработуваат лични податоци на поединци во Северна Македонија. Таквите онлајн бизниси мора да назначат локален претставник за заштита на податоци во Северна Македонија, освен ако обработката на личните податоци е повремена, не вклучува, во голем обем, обработка на посебни категории на податоци и веројатно нема да резултира со ризик за правата и слободите на поединци[15] ".* Законот ја дефинира возраста за „дигитална согласност" како 14 години. Законите за заштита на податоците се регулирани од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци[16]

Министерството за правда, исто така, го истакна Законот за малолетници кој со закон ги зацврстува правата на детето, усвојувајќи го UNCRC. Охрабрувачки беше да се забележи иницијативата организирана од УНИЦЕФ, Делегацијата на Европската Унија и партнерите за промовирање на детското учество во создавањето решенија за пристап до правдата за децата и за надградба на капацитетите на професионалците кои работат со деца во ризик[17].

---

[14] https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/text-of-the-convention
[15] Republic of North Macedonia - Data Protection Overview | Guidance Note | DataGuidance
[16] Вести од ДЗЛП | Агенција за заштита на личните податоци (dzlp.mk)
[17] https://www.unicef.org/northmacedonia/press-releases/children-and-young-people-are-joining-unicef-initiative-youth-advocates-justice

Физичкото казнување на децата во Република Северна Македонија[18] , постигната е Реформата на законот. Физичкото казнување е незаконско во сите поставки, вклучително и во домот.

Отворен е онлајн курс за професионалци од областа на правото под наслов: Кон подобра заштита на правата на децата во Северна Македонија: онлајн курс ПОМОШ; и започнат е за 30 правни професионалци[19]

Европскиот Парламент, во усвоениот текст за Резолуцијата од 25ти Март[20] вели:

> *46. Го поздравува неодамнешното ажурирање на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство; ги повикува властите ефективно да ги спроведат овие закони и да го спречат родовото насилство и насилството врз децата, обезбедувајќи заштита преку воспоставување ефикасен механизам за собирање докази и гонење на сторителите; ја нагласува важноста на превентивните мерки и заштитата и поддршката на жртвите на родово базирано насилство и семејна злоупотреба, кои се влошени со пандемијата COVID-19;*
>
> *56. Е загрижен за дезинформациите и кампањите за мешање од странство кои имаат за цел да ги влошат етничките тензии, да им наштетат на меѓународните односи и углед на земјата, да го нарушат јавното мислење и изборниот процес и да претставуваат сериозни ризици за слободата на медиумите, демократските општества и институции, основните права и слободи, и владеење на правото;*

## 3.2 Идентификувани проблеми

За време на интервјуата со засегнатите страни, беше идентификувано дека иако Кривичниот законик и другите закони ги детализираат аспектите на заштитата на децата на Интернет, има голем број аспекти кои недостасуваат. Тие беа предложени да се вклучат

- Online grooming (сексуална експлоатација на дете на интернет)
- Sextortion (Сексуална злоупотреба)
- Онлајн малтретирање (силеџиство) или вознемирување

[18] https://endcorporalpunishment.org/wp-content/uploads/country-reports/NorthMacedonia.pdf
[19] https://www.coe.int/en/web/help/-/towards-a-better-protection-of-children-s-rights-in-north-macedonia-help-online-course-launched-for-30-legal-professionals
[20] https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2021-0114_EN.html

## 3.3 Препораки – Правна рамка

Препорака (Приоритет) – Правен преглед

Да се спроведе преглед на правната рамка, конкретно фокусирајќи се на улогата на технологијата и осигурувајќи дека опсегот на правните дефиниции подеднакво се проширува на онлајн и дигиталните технологии. Со ова конкретно би се процениле сексуалната експлоатација на дете, сексуалната злоупотреба и онлајн малтретирањето или вознемирувањето.

# 4 Национален фокус за заштита на децата на интернет

## 4.1 Вклученост на засегнати страни

Заштитата на децата на Интернет е обврска на владите, воспитувачите, индустријата и креаторите на политиките, и очигледно е сечија одговорност, која е далеку од границите на само една земја. Интернетот обезбедува прекрасни можности за децата и младите да комуницираат, споделуваат, да се поврзуваат, учат и пристапуваат до информации, како и да ги изразат своите мислења и забелешки, но исто така претставува проблем за безбедноста на децата, онлајн и офлајн. Ова никогаш не било толку изразено како за време на COVID пандемијата; како што коментираше проф. Соња Ливингстон[21] „COVID го трансформираше функционирањето на општеството и начинот на кој се потпиравме на инфраструктурата за дигиталните технологии, образование, семејство, здравје, работа. Речиси преку ноќ, по карантинот, животите на децата станаа дигитални. Тие се потпираа на дигитални инфраструктури кои, иако генерално се сметаат за неопходни, се проблематични, и генерално не се дизајнирани да им служат на интересите на децата“.

Како што нагласува ITU, многу национални влади ја виделе користа од водење на координирана стратегија за заштита на децата преку здружување на сите засегнати страни и актери за да го искористат нивното вклучување и да ја прошират соработката.

Ангажирањето на сите засегнати страни е главна точка за идниот успех на националната стратегија за заштита на децата на Интернет и треба да ги вклучи сите засегнати страни, но конкретно треба да има претставници од:

- Владини министерства и агенции
- Полиција
- Индустрија (телеком, технологија и даватели на услуги)
- Невладини организации
- Родители
- Деца
- Меѓународни организации
- Академски, универзитетски

Беше охрабрувачки што толку многу засегнати страни се вклучија во мисијата и одвоија време да учествуваат на работилницата и на интервјуата.

### *4.1.1 Идентификувани проблеми*

Постои волја и подготвеност од засегнатите страни да учествуваат и да соработуваат за заштитата на децата на интернет, иако се чини дека потребата за истото се појави и покрај секоја национална стратегија или координација. Јасно е дека заштитата на децата на Интернет е сечија одговорност; сепак, потребна е координација за да се усогласат напорите на сите со цел да се засили и да се избегне дуплирање и конфузија кое ќе биде од национална корист. Важно е јасно

[21] Almost overnight, children’s lives became digital by default. What have we discovered? – Parenting for a Digital Future (lse.ac.uk)

да се каже дека децата и нивните искуства и перцепции внимателно се разгледуваат и се интегрираат во секоја национална соработка.

During the course of the interviews it has become apparent that coordination, leadership and cooperation is essential to be implemented across multiple stakeholder groups. Cooperation and conversations between and amongst stakeholder groups is crucial for understanding the complexity of ever changing field of child online protection, and equally important, to synergise the efforts already being made and align the activities and goals to the common goal.

## 4.2 Национален фокус за училиштата

Како што заклучи професорката Соња Ливингстон во финалниот извештај на EU Kids Online во 2011[22] *година, „Училиштата се најдобро поставени да ги научат децата на вештините за дигитална и критичка писменост потребни за максимизирање на можностите и минимизирање на ризиците.* ***Училиштата, исто така, се најдобро поставени за да допрат до сите деца****, без оглед на социо-економскиот статус и другите форми на нееднаквост. Од овие две причини, училиштата имаат клучна улога во охрабрувањето и поддршката на креативното, критичкото и безбедното користење на интернетот, кое е клучно во текот на наставната програма, но и дома или на друго место.*

Понатаму, поддржувајќи го ова, во 2017 година УНИЦЕФ заклучи (Извештај за децата во дигитален свет[23]) дека училиштата треба „да ги учат на дигиталната писменост за децата да бидат информирани, вклучени и безбедни на интернет".

### Училишта и наставна програма за дигитални вештини

Иако Министерството за образование не беше меѓу засегнатите страни вклучени во подготовката на овој Извештај, беа добиени увиди од училиштата. Повратните информации од едно основно училиште сугерираат дека „училиштата се во голема мера одговорни за подигање на свеста и образованието на учениците, наставниците и родителите за безбедно користење на Интернетот". Беше забележано дека сајбер-безбедноста/сајбер-малтретирањето се додадени од „Совет на град" како прашање што треба да се реши. Децата на возраст од 12, наводно, се учат за социјалните медиуми. Беа дадени примери за соработка со индустријата во образовните ресурси за медиумска писменост, како што е *Интернетот не е само игра..* [24]. . Овие се позитивни коментари, но повратните информации од детската анкета сепак нагласуваат дека само 7% од тие одговори укажале дека имале некаква форма на предавање за безбедност на интернет од нивното училиште.

Засегнатите страни, исто така, истакнаа дека учениците се „зависни" од мобилни уреди и дека пошироката заедница обично не е свесна за тоа. Извештаите сугерираат дека на децата им е тешко да учат поради поривот и желбата за екрани. Друг коментар сугерираше дека многу деца од основно образование поминуваат значително време играјќи онлајн; особено за време на ограничувањата за време на Ковид, нагласувајќи дека ова беше предизвик за училиштата да ги вратат децата да се социјализираат во физичкиот свет, а не на интернет.

[22] http://www.lse.ac.uk/media%40lse/research/EUKidsOnline/EU%20Kids%20I%20(2006-9)/EU%20Kids%20Online%20I%20Reports/EUKidsOnlineFinalReport.pdf

[23] https://www.unicef.org/publications/files/SOWC_2017_ENG_WEB.pdf

[24] Safe-net-for-kids.pdf (a1.mk)

Во однос на политиките и практиките за заштита на децата на интернет во училиштата, еден коментар „Безбедноста на интернет и заштитата на правата на децата се делумно интегрирани во училишните протоколи, не како посебен дел, туку само како препораки за безбедно користење на Интернет и користење на ИКТ во текот на настава. “

## Способност на наставниците

Беше предложено дека способноста на наставниците е мала, на пример, на состанок со засегнати страни, една невладина организација коментираше дека „во работата со наставниците, моравме да започнеме со „како да ги користиме пребарувачите и прелистувачите“ и како да бидеме безбедни на интернет“. Сепак, беше забележано дека „наставниците требало и морало да развијат технолошки вештини поради ограничувањата за Ковид во последните 18 месеци“ поради работата од далечина.

Во извештајот на SDG за Северна Македонија се истакнува дека *„Владата ќе подготви Закон за средно образование и Закон за стручно образование и обука со цел подобрување на можностите за учење и професионален развој. Исто така, ќе продолжи да го подобрува квалитетот на високото образование преку ново воведениот закон за Националниот совет за високо образование и Агенцијата задолжена за обезбедување квалитет во високото образование[25].*

*„Со цел да се подобри заштитата на децата од страна на правосудниот систем и да се зајакне спроведувањето на Законот за правата на децата, законот се ревидира. Ревидирањето има за цел да го подобри пристапот до бесплатна правна помош за сите деца, да се осигури дека се решаваат правата и потребите на младите престапници, децата во ризик од навреда, децата жртви и сведоци и да се осигура дека превентивните и заштитните услуги се обезбедуваат преку силна мулти -агенциски пристап (заштита на деца, социјална заштита, образовни и здравствени системи). Проценките спроведени во претходните години идентификуваа неколку ограничувања кои влијаат на спроведувањето на постојниот закон. Законот поефикасно ќе се придржува до принципот на најдобар интерес за детето и ќе биде усогласен со новоусвоените Директиви на ЕУ кои се однесуваат на процесни гаранции за заштита на децата осомничени или обвинети во кривична постапка.*

## Заштита на децата

Извештаите од засегнатите страни истакнаа дека секое училиште има психолози кај кои се поднесуваат пријави  во врска со проблеми за заштита на децата. Училишните психолози потоа можат да ги проследат прашањата за заштита на децата до Центарот за социјална работа, кој координира одговор од повеќе сектори, вклучувајќи полиција и други агенции и подготвува план за дејствување за детето. Вреди да се напомене дека во законот детално е наведено дека децата треба да се интервјуираат само еднаш. Сепак, беше наведено дека Центарот за социјални работи добил само една пријава за онлајн злоупотреба во последниот период.

---

25 https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/26387VNR_2020_Macedonia_Report.pdf

Еден од написите на интернет прикажува загрижувачка шема „Во Северна Македонија, бројките се исто така немилосрдни. Истражувањето вели дека осум од десет родители користат физичко и психичко насилство, првенствено за да ги воспитуваат своите деца на овој начин“[26].

Беше коментирано дека нема служби за поддршка на жртвите и нивните права за постигнување на задоволително решение, што претставува „институционален проблем“.

### *4.2.1 Идентификувани проблеми*

#### Способност на наставниците

Капацитетот и способностите на наставниците во Северна Македонија да обработуваат теми за заштита на децата преку Интернет на нивните часови беа идентификувани од многу засегнати страни како теми што треба да се адресираат.

Постои потреба од понатамошен професионален развој меѓу наставниците и професионалците кои работат со деца на темата за заштита на децата на Интернет.

#### Малтретирање (силеџиство) и онлајн злоупотреба

Во контекст на свеста на наставниците, беше предложено дека значително недостига разбирање за онлајн малтретирањето (силеџиство) и другите видови насилство, и истото треба да се вклучи во обуката за наставниците и другите професионалци.

#### Координација за заштита на децата

Разбирањето на бројот на пријавени инциденти за заштита на децата е важно за подобра заштита на децата и обезбедување национален одговор и во смисла на директна интервенција во инцидентот, но подеднакво разбирање на какви било трендови. Без ова, земјата е слепа за инцидентите за заштита на децата со кои се соочуваат децата низ целата земја. Во интервјуата, координацијата се споменуваше како една работа што во моментот недостасува.

## *4.3. Вклученост и активности на НВО*

Како и со слични примери од други земји, вклученоста на НВО околу заштитата на децата на Интернет е за пофалба и е активна. Очигледен е фокусот на проектите и активностите за медиумската писменост и лажните вести, за да се ангажираат релевантните чинители, во овој случај, родителите и децата за да ги едуцираат за основите на медиумската писменост. Се чини дека нема евидентна соработка меѓу Невладините организации и координација на активностите. Поголемиот дел од работата направена од страна на невладините организации околу заштитата на децата на интернет се врти околу подигање на свеста и превентивното образование, иако УНИЦЕФ ја истакна стратегијата за спречување и заштита на децата од насилство во 2019 година, која вклучуваше заштита на децата на Интернет. Активностите опфаќаат едукација на воспитувачи, обучувачи, ученици, полиција, образовни специјалисти и деца.

[26] https://www.aa.com.tr/ba/balkan/sjeverna-makedonija-osam-od-deset-roditelja-vr%C5%A1i-fizi%C4%8Dko-i-psihi%C4%8Dko-nasilje-nad-djecom/1658253

Од извештајот на ITU: „СТАТУС НА ЕКОСИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ИНТЕРНЕТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА“[27]

Од достапните податоци и одговорите на анкетата се чини дека не постои Национален центар за побезбеден интернет во Република Северна Македонија, додека Факултетот за компјутерски науки и инженерство е организацијата одговорна за организирање на Денот за побезбеден интернет. На Денот на побезбеден интернет 2019[28] година, беше објавено дека организирале панел-дискусија со информатичка технологија за наставници од основните и средните училишта низ целата земја со цел да се нагласи важноста за одржување на интернетот како безбедно место за децата. Нагласено е дека има се поголема потреба од едукација на родителите и наставниците во областа на заштитата на децата на интернет. Во 21 средни училишта беше реализиран проект наречен „Лекции за приватност“, организиран од Агенцијата за заштита на податоци. Фондацијата Метаморфозис е активна во областа на заштитата на децата на интернет. Во 2015 година тие објавија Водич за родители[29]. Фондацијата исто така е активна и во креирањето на веб-страницата[30] наменета за заштита на правата и приватноста на децата на интернет. Исто така, направено е истражување и анализа со прашалник[31] за средношколци во град Скопје.

Се чини дека владата на Северна Македонија ја поддржува веб-страницата[32] наменета за едукација и промовирање на софтвер за заштита за безбедно и одговорно користење на интернетот.

Иако постоеше очигледна желба, почнувајќи од 2012 година, да се формира национален центар за пријавување и управување со отстранување на слики со сексуална злоупотреба на деца на Интернет, ова сè уште не е успешно.

### *4.3.1 Идентификувани проблеми*

Недостигот на централно координативно тело за заштита на децата на Интернет со стратегија и одговорност да се идентификуваат и координираат националните активности го попречува напредокот на ова поле.

Постои очигледен недостаток на фокус за приоритет, на национално ниво, што се однесува на прашањата и проблеми за заштита на децата на Интернет.

---

27 https://www.itu.int/myitu/-/media/Publications/2020-Publications/Status-of-national-COP-ecosystems-in-South-Eastern-Europe.pdf

28 https://www.saferinternetday.org/web/north-macedonia/sid

29 https://dzlp.mk/sites/default/files/u1002/Vodic%20za%20roditeli.pdf

30 http://bezbednonainternet.org.mk/component/option,com_frontpage/Itemid,1/lang,mk/

31 Истражување и анализа на одговорите од прашалникот за ученици од средните училишта на Град Скопје (metamorphosis.org.mk)

32 http://surfajbezbedno.mk/

## 4.5 Препораки – Национален фокус за заштита на децата на интернет

**Препорака (Приоритет) – Национален совет на засегнати страни**

Да се формира Национален совет на засегнати страни и да биде поддржан од Секретаријат кој треба;

● да биде составен од избрани чинители и засегнати страни од земјата. Членовите на Советот треба да бидат избрани врз основа на нивните одговорности, активности или застапеност

● да биде независен од било кое владино министерство и да вклучува претставници од сите владини министерства

● да биде одговорен за воспоставување и спроведување на национална стратегија и спроведување на акциски план.

● да овозможи поголема соработка во врска со заштитата на децата на Интернет

● да има состаноци на квартално ниво

Примерите го вклучуваат Советот за безбедност на Интернет на Обединетото Кралство[33]

**Препораки - Професионален развој на едукатори**

За да се подобри способноста на едукаторите, од витално значење е сите наставници да бидат способни и да ги забележат проблемите за заштита на децата на Интернет преку знаците на злоупотреба, како и да им ги обезбедат на децата дефинираните дигитални компетенции.

Ова треба да го води Министерството за образование

**Препораки – Академско истражување**

Да се направи сеопфатен академски истражувачки проект за заштита на децата на Интернет во Северна Македонија. Истражувачкиот проект треба

● да има сеопфатен преглед на литературата на постојните истражувања кои ги покриваат аспектите на заштита на децата на Интернет

● да направи квалитативно и квантитативно истражување на децата, родителите и едукаторите за да се утврди нивната употреба, искуство, перцепција, како и нивните можности и грижи поврзани со технологијата.

● Да направи проценка на степенот на дигитални компетенции кај децата и родителите

[33] https://www.gov.uk/government/groups/uk-council-for-child-internet-safety-ukccis

● Да донесе заклучок за менталното здравје и благосостојбата на децата на интернет заедно со проценка на нивното чувство за безбедност.

● Да ја процени способноста на оние кои работат со деца (едукатори и лекари) да идентификуваат проблеми поврзани со злоупотреба и ментално здравје

# 5 Развој на локални ресурси

## 5.1 Тековна состојба

Голем број засегнати страни коментираа за недостигот на ресурси на македонски јазик
Сепак, постојат голем број ресурси кои беа споделени и вклучуваат:

- Интернетот не е само игра... [34] .
- OPSC - корица - Факултативен протокол за продажба на деца, детска проституција и порнографија[35]

[34] Safe-net-for-kids.pdf (a1.mk)
[35] OPSC - korica (childrensembassy.org.mk)

# 6 Јавна едукација и свест

## 6.1 Тековна состојба

Од повратните информации од подготвителните истражувања заедно со интервјуата со засегнатите страни, јасно е дека значително недостасува јавна свест и разбирање за ризиците и заканите на интернет и истото претставува голем предизвик. Сите заинтересирани страни постојано го даваа овој коментар на сите интервјуа и мнозинството истакна дека подигањето на свеста е приоритет. Во специфичните докази во подготвителните онлајн анкети се наведува дека 50% од децата наишле на нешто на интернет што ги вознемирило и 81% од нив би ги пријавиле овие однесувања на родителите, но за жал, мнозинството (75%) од родителите сугерираат дека не знаат како , или на кого, да пријават проблем на интернет.

Како што е наведено од ITU во Прирачниците за креаторите на политики, „при креирање на едукативни материјали, важно е да се има на ум дека многу луѓе на кои технологијата им е нова, нема да се чувствуваат удобно да ја користат. Од таа причина, важно е да се осигура дека безбедносните материјали се достапни или во писмена форма или се направени со други медиуми со кои новодојденците ќе ги чувствуваат попознати, на пример, со видеото. Треба да се размисли за создавање материјали кои се достапни за целата публика, но со посебен фокус на децата и родителите.

Во секоја кампања за едукација и подигање на свеста ќе биде важно да се постигне вистинскиот тон. Треба да се избегнуваат пораки засновани на страв и треба да се даде должно значење на многуте позитивни и забавни карактеристики на новата технологија. Интернетот има голем потенцијал како средство за овозможување на децата и младите да откриваат нови светови. Подучувањето на позитивни и одговорни форми на онлајн однесување е клучна цел на програмите за едукација и подигање на свеста.

Сега во својата 17-та година, Денот на побезбеден интернет се слави во 190 земји и претставува идеална платформа за конструирање, комбинирање и лансирање на значајна кампања која ќе креира национална дискусија и којашто ќе може да се изгради со текот на времето. Охрабрувачки е што за Денот на побезбеден интернет[36] постои национален организациски комитет[37].

### Студија за случајот "Јавни соби"

*Едно од најистакнатите прашања споменати од различни засегнати страни беше „Приватната злоупотреба во „Јавните простории" на Телеграм. Од написот „Приказната за „Јавна соба", сепак, започна не во 2021 година, туку во јануари 2020 година кога беше откриен првичниот Телеграм канал со 7.400 членови. Откриено беше дека на каналот се споделуваат слики од отворени профили на социјалните мрежи, како и приватни материјали со актови на малолетни тинејџерки - но медиумите објавија дека има и слики од возрасни жени. И новинарката на А1он Мери Јордановска објави дека во групата имало и*

[36] https://www.saferinternetday.org/
[37] https://www.saferinternetday.org/en-GB/in-your-country/north-macedonia

*познати бизнисмени и политичари. Властите се сомневаа дека креаторот на првичната „Јавна соба“ е тинејџер, но не е јасно дали тој некогаш бил формално обвинет за нешто.*

*Сепак, дистрибуцијата на детска порнографија не е единственото кривично дело што наводно било извршено во „Јавна соба“. Имаше, исто така, споделување приватни актови на возрасни жени без претходна согласност и злоупотреба на лични информации, како што е споделување на профили на социјалните мрежи, приватни адреси и телефонски броеви без претходна согласност, што резултираше со сексуално вознемирување преку Интернет*[38].

## 6.2 Идентификувани проблеми

Општ недостаток на свест за прашањата за заштита на децата на Интернет беше забележан од страна на мнозинството засегнати страни, особено кај децата, родителите и наставниците.

Општиот недостаток на јавна свест и знаење е евидентен преку многу интервјуа со засегнатите страни.

**Препорака - Национален центар за побезбеден интернет на Северна Македонија**

Воспоставување на Национален центар за побезбеден интернет за да ги обедини постоечките организации за подобро координирање и спроведување на активностите. Моделирано според европската мрежа на центри за побезбеден интернет[39], конкретно треба да:

● ја подига свеста за потенцијалните ризици со кои младите луѓе може да се сретнат на интернет;

● да им понуди совети на младите луѓе за да останат безбедни на интернет и за справување со прашања како што е сајбер-малтретирањето (силеџиството), преку телефоните за помош;

●да развива информативен материјал;

● да организира настани како што е Денот на побезбеден интернет, нивниот најголем годишен меѓународен настан;

● да организира информативни предавања за родители, деца и наставници

● да биде одговорен за материјали за сексуална злоупотреба на деца на интернет

● да обезбедува глас и застапеност на младите

Центарот за побезбеден интернет ќе биде средство за спроведување на Стратегијата на Националниот совет на засегнати страни, спомената во препораките во точка 4.5.

[38] https://unbiasthenews.org/macedonia-sexual-harassment-telegram/
[39] https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/safer-internet-centres

# 7 Механизми за пријавување

## 7.1 Нелегална содржина за злоупотреба на деца на интернет

Насоките на ITU за заштита на децата на интернет нагласуваат дека е воспоставен механизам и е широко промовиран за да обезбеди лесно разбирливи средства за пријавување на разновидните нелегални содржини пронајдени на Интернет. На пример, национална телефонска линија, која има капацитет да реагира брзо и да го отстрани незаконскиот материјал или истиот да стане недостапен.

Министерството за внатрешни работи истражува кривични дела поврзани со детска порнографија (дефинирани како детска порнографија според законот наспроти содржина за детска сексуална злоупотреба). Постои соработка со Европол за размена на нелегални хашови на слики. Од Министерството за внатрешни работи го истакнаа предизвикот за прибавување доволно докази во случаите за сексуална експлоатација на дете на интернет (grooming). Работата на Министерството за внатрешни работи опфаќа и превентивни активности. Министерството за внатрешни работи сподели дека интернет провајдерите добро соработуваат и дека ниту една содржина [сексуална злоупотреба на деца] не била хостирана во земјата во последните 12 години.

Започнаа и работата за формирање Центар за побезбеден Интернет во Северна Македонија во согласност со Европската програма за побезбеден интернет, INHOPE и Insafe[40]. На конференција во мај 2012 година беше пречекан Мајкл Буш од Програмата за побезбеден интернет на Европската комисија, кој имаше средби и со заменик-министерката на МИОА Марта А. Томовска и претставник од МВР.

Беше развиен Акциски план за министерот за информатичко општество и администрација во 2012 година, во согласност со материјалот за подигање на свеста за побезбеден интернет на ITU во 2012 година, кој исто така вклучуваше и формирање на Центар за побезбеден интернет во Северна Македонија. Како дел од ова, Владата ја објави намерата за формирање на Центар за побезбеден интернет во Северна Македонија. Првиот состанок на Советодавниот одбор за заштита на деца и млади од незаконски содржини, закани и активности на Интернет[41] го одржа својот прв состанок во август 2012 година. И покрај овие напори, Центарот за побезбеден интернет во Северна Македонија кој вклучува центар за примање и ракување со материјали за сексуална злоупотреба на деца на интернет сè уште не е успешно воспоставен.

Беше предложено дека во МВР е можно да се пријави случај за експлоатација на деца преку „Црвено копче“.

[40] https://www.facebook.com/191029614248249/videos/1220500211301179
[41] https://vlada.mk/node/4179

### *7.1.1 Идентификувани проблеми*

Непостоењето на Национален центар за примање пријави и отстранување на нелегални содржини за сексуална злоупотреба на деца на интернет претставува проблем.

## *7.2 Права на децата*

Детските права се содржани во мандатот на Првата детска амбасада која ги поддржува децата, преку нивната линија за помош[42] за се што е поврзано со нивната безбедност, вклучително и безбедноста на интернет.

## *7.3 Препораки – Механизми за пријавување*

**Препорака (Приоритет) – Формирање на Национален центар за ракување со материјали за сексуална злоупотреба на деца на интернет, со надлежно членство во INHOPE.**

Да се формира национален центар за примање и ракување со извештаи за материјали за сексуална злоупотреба на деца на интернет. Центарот ќе работи со органите за спроведување на законот и индустриските провајдери. Центарот треба да се приклучи на мрежата INHOPE за да добие поддршка и насоки во основањето и работењето на центарот

[42] www.childrensembassy.org.mk

# 8 Примена на технички алатки

Достапните информации во врска со употребата и усвојувањето на технологијата во Северна Македонија (дел 2.1) ја нагласуваат моменталната состојба и ги вклучуваат заклучоците од онлајн анкетите што ги пополнија децата и родителите. Употребата на мобилни телефони е забележлива низ целата земја

Според Упатствата на ITU за Индустријата за заштита на децата на интернет[43], индустријата може да ги идентификува, спречи и ублажи негативните влијанија на ИКТ врз правата на децата и да идентификува можности за поддршка на унапредувањето на правата на децата преку интегрирање на согледувања за правата на детето во сите соодветни корпоративни политики и процеси на управување. Во соработка со владата, органите за спроведување на законот, граѓанското општество и организациите за телефонски линии, индустријата има клучна улога во борбата против материјали за сексуална злоупотреба на деца со развивање стандардни процеси за справување и ракување со материјали за сексуална злоупотреба на деца. Индустријата може да помогне да се создаде побезбедно, попријатно дигитално опкружување за деца од различни возрасти со создавање побезбедна и погодна онлајн средина за детската возраст. Индустријата може да ги надополни техничките мерки со едукативни активности и активности за зајакнување кои имаат за цел да ги едуцираат децата, родителите и наставниците за безбедноста на децата и нивната одговорна употреба на ИКТ. Индустријата може да ги охрабри и поттикне децата со поддршка на нивното право на учество преку промовирање на дигиталната технологија како начин за понатамошен граѓански ангажман.

## 8.1 Идентификувани проблеми

Како што веќе беше заклучено, општото ниво на свесност за ризиците и заканите на интернет е ниско, особено кај родителите. Ова е во време кога се зголемува бројот на конектирани уреди и технологии во домаќинствата и семејствата.

При забелешката за оваа ниска свест, родителите се јасно загрижени за несаканата содржина со којашто нивните деца се среќаваат на интернет, и ова беше најзначајниот проблем што го идентификуваа родителите. Заедно со ова, одговорите на родителите на прашањето „Дали користите некој софтвер за филтрирање или следење на некој од уредите на вашите деца?“ сугерираше дека мнозинството (54%) не го прават тоа, а 18% покажале дека би сакале, но не знаат како да го постават.

Во разговорите со телекомуникациските оператори, се чини дека постојат родителски контроли за филтрирање или блокирање на пристапот до несакани или несоодветни содржини, но тие се со „мали трошоци“. Коментирајќи ги достапните родителски контроли, друга засегната страна сугерираше дека „дури и да се бесплатни, ова нема да го зголеми прифаќањето на истото, бидејќи на родителите немаат свест за истото“.

Осврнувајќи се на управувањето со пристапот до нелегална содржина, индустријата ги истакна своите обврски за Неутралност на мрежата; дека „Интернет провајдерите не смеат да се мешаат

---

[43] Industry | ITU-COP Guidelines (itu-cop-guidelines.com)

во слободата на користење на Интернет“ и дека „Јавниот обвинител треба да издаде наредба да се блокира“ пристапот до нелегална содржина.

За време на интервјуата со засегнатите страни, беше препознаено дека постојат голем број програми и иницијативи кои индустријата ги поддржува.

### *8.3 Препораки- Примена на технички алатки*

Препорака - Алатки за родителска контрола

Да се подобри достапноста и едноставноста на алатките за родителска контрола кои подобро ги заштитуваат децата и ја зголемуваат свеста кај родителите. Овие алатки за родителска контрола треба да бидат лесни за употреба, да го филтрираат или блокираат пристапот до несакана или несоодветна содржина и да се обезбедат на „ниво на мрежа“ и да управуваат со пристапот од уредите за да го ограничат времето поминато на екранот

Алатките родителите треба да ги обезбедат од даватели на Интернет услуги (оператори на фиксна и мобилни телефони), провајдери за филтрирање или специјализирани даватели на родителска контрола. Давателите може да изберат како подобро да ги разберат потребите на нивните клиенти преку истражување

# 9 Анализа и препораки

## 9.1 SWOT Analysis

При проценувањето на доказите, коментарите и повратните информации, беа утврдени следните предности, слабости, можности и закани како дополнителна поддршка на препораките.

| **Предности** | **Слабости** |
|---|---|
| • Посветени различни засегнати страни<br>• Подготвеност за подобрување на полето на заштита на децата на Интернет | • Недостиг на национална стратегија и координација<br>• Недостаток на свест поврзани со прашањата за заштита на децата на Интернет, особено кај децата и родителите<br>• Мало ниво на прифаќање на алатки за заштита на деца на Интернет од страна на родителите |
| **Можности** | **Закани** |
| • Широк спектар на чинители заинтересирани за темата<br>• Меѓународна поддршка за адаптација и имплементација на активности, алатки и ресурси<br>• Владина поддршка за развој и имплементација на заштита на децата на интернет<br>• Користење на примери со најдобра практика од меѓународната заедница | • Не се преземени координирани системи, постапки или активности<br>• Децата остануваат ранливи на ризиците на интернет<br>• Родителите и професионалците немаат поддршка во образованието или пријавувањето на проблеми |

Table 1 SWOT Analysis

## 19.2 Препораки

Препораки со висок приоритет

| **Препораки** | Осврт и потенцијални примери | Предлог за водечка институција |
|---|---|---|
| Правен преглед | Да се спроведе преглед на правната рамка, конкретно фокусирајќи се на улогата на технологијата и да се осигура дека опсегот на правните дефиниции подеднакво се важи за онлајн и дигиталните технологии. Со ова конкретно ќе се процени сексуалната експлоатација на дете, сексуална злоупотреба и малтретирањето и силеџиство на интернет. | Министерство за правда |
| Национален совет на засегнати страни | Да се формира Национален совет на засегнати страни, на чело со владин министер, и да биде поддржан од Секретаријат кој треба;<br>● да биде составен од избрани чинители и засегнати страни од земјата. Членовите на Советот треба да бидат избрани врз основа на нивните одговорности, активности или застапеност<br>● да биде независен од било кое владино министерство и да вклучува претставници од сите владини министерства<br>● да биде одговорен за воспоставување и спроведување на национална стратегија и спроведување на акциски план.<br>● да овозможи поголема соработка во врска со заштитата на децата на Интернет<br>● да има состаноци на квартално ниво<br>Примерите го вклучуваат Советот за безбедност на Интернет на Обединетото Кралство | |
| Формирање на Национален центар за ракување со материјали за сексуална злоупотреба на деца на интернет, со | Да се формира национален центар за примање и ракување со извештаи за материјали за сексуална злоупотреба на деца на интернет. Центарот ќе работи со органите за спроведување на законот и индустриските провајдери. Центарот треба да се приклучи на мрежата INHOPE за да добие поддршка и насоки во основањето и работењето на центарот | |

| | | |
|---|---|---|
| надлежно членство во INHOPE. | | |

Препораки со нормален приоритет

| | | |
|---|---|---|
| Академско истражување | Да се направи сеопфатен академски истражувачки проект за заштита на децата на Интернет во Северна Македонија. Истражувачкиот проект треба<br><br>● да има сеопфатен преглед на литературата на постојните истражувања кои ги покриваат аспектите на заштита на децата на Интернет<br><br>● да направи квалитативно и квантитативно истражување на децата, родителите и едукаторите за да се утврди нивната употреба, искуство, перцепција, како и нивните можности и грижи поврзани со технологијата.<br><br>● Да направи проценка на степенот на дигитални компетенции кај децата и родителите<br><br>● Да донесе заклучок за менталното здравје и благосостојбата на децата на интернет заедно со проценка на нивното чувство за безбедност.<br><br>● Да ја процени способноста на оние кои работат со деца (едукатори и лекари) да идентификуваат проблеми поврзани со злоупотреба и ментално здравје | |
| Професионален развој на едукатори | За да се подобри способноста на едукаторите, од витално значење е сите наставници да бидат способни и да ги забележат проблемите за заштита на децата на Интернет преку знаците на злоупотреба, како и да им ги обезбедат на децата дефинираните дигитални компетенции. | Министерство за образование |
| Алатки за родителска контрола | Да се подобри достапноста и едноставноста на алатките за родителска контрола кои подобро ги заштитуваат децата и ја зголемуваат свеста кај родителите. Овие алатки за родителска контрола треба да бидат лесни за употреба, да го филтрираат | Индустрија |

| | | |
|---|---|---|
| | или блокираат пристапот до несакана или несоодветна содржина и да се обезбедат на „ниво на мрежа“ и да управуваат со пристапот од уредите за да го ограничат времето поминато на екранот<br><br>Алатките родителите треба да ги обезбедат од даватели на Интернет услуги (оператори на фиксна и мобилни телефони), провајдери за филтрирање или специјализирани даватели на родителска контрола. Давателите може да изберат како подобро да ги разберат потребите на нивните клиенти преку истражување | |
| Национален центар за побезбеден интернет на Северна Македонија | Воспоставување на Национален центар за побезбеден интернет за да ги обедини постоечките организации за подобро координирање и спроведување на активностите. Моделиран според европската мрежа на центри за побезбеден интернет[44], конкретно треба да:<br><br>● ја подига свеста за потенцијалните ризици со кои младите луѓе може да се сретнат на интернет;<br><br>● да им понуди совети на младите луѓе за да останат безбедни на интернет и за справување со прашања како што е сајбер-малтретирањето (силеџиството), преку телефоните за помош;<br><br>●да развива информативен материјал;<br><br>● да организира настани како што е Денот на побезбеден интернет, нивниот најголем годишен меѓународен настан;<br><br>● да организира информативни предавања за родители, деца и наставници<br><br>● да биде одговорен за материјали за сексуална злоупотреба на деца на интернет<br><br>● да обезбедува глас и застапеност на младите<br><br>Центарот за побезбеден интернет ќе биде средство за спроведување на Стратегијата на Националниот совет на засегнати страни, спомената во препораките во точка 4.5. | |

[44] https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/safer-internet-centres

Table 2 Detailed Recommendations

### 9.3 Интервјуирани засегнати страни

| Група | Засегнати страни |
|---|---|
| Државни институции | Психолог од основно училиште<br>Психолог од средно училиште<br>Државен совет за спречување на малолетничката деликвенција<br>Центар за социјални работи<br>Министерство за правда<br>АЕК<br>Министерство за внатрешни работи |
| Индустрија | Телеком<br>Интегра Солушн |
| Академија и Невладини организации | Првата детска амбасада во светот Меѓаши-Република Македонија<br>НВО Интернет телефонска линија Македонија<br>УНИЦЕФ<br>Совет за етика во медиумите |

# 10 Референци

Упатства за креаторите на политики за заштита на децата на Интернет, ITU, Policy-makers | ITU-COP Guidelines (itu-cop-guidelines.com)

Упатства за деца за заштита на децата на Интернет, ITU, Policy-makers | ITU-COP Guidelines (itu-cop-guidelines.com)

Упатства за родители, воспитувачи и старатели за заштита на децата на интернет, ITU, Parents and educators | ITU-COP Guidelines (itu-cop-guidelines.com)

Упатства за индустрија за заштита на децата на интернет, ITU, родители Industry | ITU-COP Guidelines (itu-cop-guidelines.com)

Речиси преку ноќ, животите на децата станаа дигитални по автоматизам. Што дознавме? – Родителство за дигитална иднина (lse.ac.uk), https://blogs.lse.ac.uk/parenting4digitalfuture/2021/07/07/children-during-covid/

Децата во дигиталниот свет, УНИЦЕФ, 2017, https://www.unicef.org/publications/files/SOWC_2017_ENG_WEB.pdf

РАБОТЕН ДОКУМЕНТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА Извештај за Северна Македонија 2020 година, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/system/files/2020-10/north_macedonia_report_2020.pdf

Осврт за заштита на податоци, Северна Македонија, DataGuidance,https://www.dataguidance.com/notes/republic-north-macedonia-data-protection-overview

Децата од ЕУ на интернет, Ливингстон С (2011), http://www.lse.ac.uk/media%40lse/research/EUKidsOnline/EU%20Kids%20I%20(20069)/EU%20Kids%20Online%20I%20Reports/EUKidsOnlineFinalReport.pdf

Рамка на Регионалната иницијатива на ITU за Европа (WTDC-17, Буенос Аирес),https://www.itu.int/md/S16-SG-CIR-0037/en

Глобален индекс за сајбер-безбедност, ITU, https://www.itu.int/en/ITU-D/Cybersecurity/Pages/global-cybersecurity-index.aspx

Водич за Општа регулатива за заштита на податоците – Children, Bird & Bird (2018) https://www.twobirds.com/~/media/pdfs/gdpr-pdfs/24--guide-to-the-gdpr--children.pdf?la=en

Inhope, Дефиниција за материјал за сексуална злоупотреба на деца, http://www.inhope.org/gns/internet-concerns/overview-of-the-problem/child-pornography.aspx

INSAFE, https://www.betterinternetforkids.eu/

ITU Заштита на децата на интернет, https://www.itu.int/en/cop/Pages/default.aspx

Резолуција 179 на ITU, улогата на ITU во заштитата на децата на Интернет 2014 годинаhttps://www.itu.int/en/action/cybersecurity/Documents/Resolutions/pp-14_Res.%20179.pdf

Статистички податоци на ITU, https://www.itu.int/en/ITU-D/Statistics/Pages/stat/default.aspx

Истамбулска Конвенција, Совет на Европа, https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/text-of-the-convention

Конвенција Ланзароте, Совет на Европа, https://www.coe.int/en/web/children/lanzarote-convention

Почетна страница за Денот на побезбеден интернет, https://www.saferinternetday.org/

Програма за обука за професионален развој за безбеден живот на интернет, Центар за побезбеден интернет на Обединетото Кралство,https://www.saferinternet.org.uk/training-events/online-safety-live-free-e-safety-events

Злоупотреба на приватност во ‘јавни соби’ на Телеграм, Вести на Unbias, https://unbiasthenews.org/macedonia-sexual-harassment-telegram/

Регулатива (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и за слободното движење податоци (2016 година), https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32016R0679

Статус на националните COP екосистеми во Југоисточна Европа, ITU https://www.itu.int/myitu/-/media/Publications/2020-Publications/Status-of-national-COP-ecosystems-in-South-Eastern-Europe.pdf

Цели за одржлив развој Национален преглед на Северна Македонија за 2020 година,https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/26387VNR_2020_Macedonia_Report.pdf

Совет на Обединетото Кралство за безбедност на Интернет, https://www.gov.uk/government/groups/uk-council-for-child-internet-safety-ukccis

Ние сме социјални, дигитален извештај за Северна Македонија, Hootsuite (2021), Digital in North Macedonia: All the Statistics You Need in 2021 — DataReportal – Global Digital Insights

Ние ја штитиме глобалната алијанса, https://www.weprotect.org/

## Прилог А Резултати од анкетата за децата на интернет

Број на одговори – 769

1. Јас сум:

More Details

| | |
|---|---|
| Машко | 342 |
| Женско | 430 |



2. Мојата возраст е:

More Details

| | |
|---|---|
| 4-5 години | 2 |
| 6-7 години | 40 |
| 8-9 години | 49 |
| 10-11 години | 179 |
| 12-13 години | 211 |
| 14-15 години | 172 |
| 16-17 години | 119 |




3. Живеам во:

More Details Insights

| | |
|---|---|
| Град | 595 |
| Село | 175 |



4. На Интернет најчесто се поврзувам од:

More Details

| | | |
|---|---|---|
| Дома | | 640 |
| Училиште | | 6 |
| Библиотека/Интернет Клуб | | 1 |
| Во домот на другар/другарка | | 1 |
| Мобилен телефон (нема одре... | | 109 |
| Отворена јавна Wi-Fi мрежа (в... | | 9 |
| Other | | 6 |




5. На интернет се приклучувам преку:
(означи ги сите што ги користиш)

More Details

| | | |
|---|---|---|
| Компјутер (десктоп компјутер) | | 257 |
| Лаптоп или netbook | | 336 |
| Мобилен телефон или„смарт" ... | | 685 |
| Таблет | | 125 |
| Конзоли за играње (на пр. Xbo... | | 75 |
| Мобилни конзоли за играње (... | | 27 |
| Телевизор | | 200 |
| Other | | 7 |



6. Од апликации/сервиси на интернет користам:
(означи ги сите што ги користиш)

More Details

| | |
|---|---|
| Facebook | 309 |
| Instagram | 511 |
| Whatsapp | 101 |
| Viber | 528 |
| Tik Tok | 452 |
| Snapchat | 436 |
| Twitter | 87 |
| Youtube | 702 |
| Email (на пример Gmail, Yahoo,... | 337 |
| Microsoft Teams | 478 |
| Zoom | 158 |
| Webex | 2 |
| Skype | 95 |
| Telegram | 9 |
| Netflix | 227 |
| Other | 16 |



## 7. Моите родители знаат што правам на Интернет

More Details Insights

| | |
|---|---|
| Да | 618 |
| Не | 21 |
| Понекогаш | 132 |
| Other | 1 |



## 8. На Интернет дневно поминувам (во просек):

More Details

| | |
|---|---|
| Помалку од 1 час | 102 |
| Помеѓу 2 и 3 часа | 364 |
| Помеѓу 4 и 6 часа | 210 |
| Повеќе од 6 часа | 95 |
| Other | 1 |



## 9. Интернетот најчесто го користам за: (означи ги сите што ги користиш)

More Details

| | |
|---|---|
| Социјални мрежи | 461 |
| Брзи пораки (на пр. Viber, Wha... | 344 |
| Играње игри | 462 |
| Онлајн купување | 88 |
| Читање вести | 94 |
| Сурфање | 172 |
| Гледање видеа или слушање м... | 594 |
| Прикачување содржини (на п... | 81 |
| Учење / пребарување за содр... | 427 |
| Синхрона комуникација со др... | 128 |
| Other | 12 |



10. Се имам сретнато лично со другар/другарка што претходно сум го/ја запознал/а преку Интернет.

More Details    Insights

| | |
|---|---|
| Да | 247 |
| Не | 525 |



11. Знам повеќе за Интернетот отколку моите родители

More Details

| | |
|---|---|
| Да | 462 |
| Не | 310 |



12. На Интернет најмногу ме загрижува:

More Details

| | |
|---|---|
| Поминувам многу време Инте... | 212 |
| Онлајн малтретирање (bullying) | 95 |
| Реклами, скриени трошоци за ... | 33 |
| Несоодветни содржини за мој... | 96 |
| Лажни вести, односно неточн... | 135 |
| Средби со непознати лица | 50 |
| Кражба/губење на лични пода... | 122 |
| Other | 29 |



13. Доколку сум загрижен/а за нешто на Интернет, најпрво би пријавил/а на:

More Details Insights

| | |
|---|---|
| Пријател/ Другар | 114 |
| Родителите | 590 |
| Наставник од училиште | 1 |
| Полицаец | 4 |
| Постара сестра или брат | 48 |
| Other | 15 |




14. Имам следено предавање за подигање на свеста за безбедноста на Интернет

More Details

| | |
|---|---|
| Да | 327 |
| Не | 244 |
| Не знам | 201 |




15. Доколку си одговорил/а со „Да" на претходното прашање, означи кој го одржа предавањето за подигање на свеста за безбедноста на Интернет:

More Details

| | |
|---|---|
| Родител или старател | 172 |
| Наставник од училиште или н... | 107 |
| Полицијата | 9 |
| Државна институција (како на ... | 16 |
| Невладина организација | 11 |
| Не сум сигурен | 146 |
| Other | 37 |



16. На Интернет се имам сретнато со содржини/фотографии кои се вознемирувачки за деца/младинци на моја возраст

More Details

| | |
|---|---|
| Да | 394 |
| Не | 378 |



## Прилог Б - Резултати од анкета за родителите на интернет

# Одговори – 551

1. Вашиот пол:

More Details   Insights

| | |
|---|---|
| Машки | 75 |
| Женски | 476 |



2. Колку години имате:

More Details

| | |
|---|---|
| помлад/а од 18 години | 10 |
| 18-25 години | 1 |
| 26-35 години | 68 |
| 36-45 години | 350 |
| 46-55 години | 110 |
| 55 години или постар/а | 12 |




3. Што користите за да се поврзете на Интернет?
(Ве молиме означете ги сите уреди што ги користите)

More Details

| | |
|---|---|
| Вашиот личен десктоп компјут... | 83 |
| Вашот личен лаптоп или лапто... | 160 |
| Десктоп компјутер споделуван... | 72 |
| Лаптоп споделен со други чле... | 118 |
| Мобилен телефон или „смарт"... | 511 |
| Таблет | 68 |
| Конзола за игри како PlayStati... | 20 |
| Телевизор | 148 |
| Паметен звучник како Alexa | 5 |
| Other | 3 |



4. Кои од овие апликации/сервиси ги користите најчесто? (Ве молиме означете ги сите што ги користите)

More Details

| | |
|---|---|
| Facebook | 471 |
| Instagram | 251 |
| Whatsapp | 110 |
| Viber | 459 |
| Tik Tok | 39 |
| Snapchat | 21 |
| Twitter | 13 |
| Youtube | 349 |
| Email (Gmail, Yahoo, Hotmail ил... | 389 |
| Microsoft Teams | 168 |
| Zoom | 141 |
| Webex | 21 |
| Skype | 70 |
| Telegram | 13 |
| Other | 8 |




5. Колку време дневно поминувате на Интернет (во просек)?

More Details Insights

| | |
|---|---|
| Помалку од 1 час | 110 |
| Помеѓу 1 и 2 часа | 211 |
| Помеѓу 3 и 4 часа | 119 |
| Повеќе од 4 часа | 111 |



6. За што најмногу го користите интернетот?

More Details




7. Дали Вашите деца користат социјални мрежи?

More Details




8. Колку часа дневно Вашето дете поминува на Интернет?

More Details



9. Дали користите софтвер за филтрирање или следење на кој било уред на Вашето дете?

More Details

| | |
|---|---|
| Да | 161 |
| Не | 276 |
| Сакам да користам, но не зна... | 114 |



10. Што најмногу Ве загрижува кога Вашето дете користи Интернет?

More Details

| | |
|---|---|
| Поминува многу време на Инт... | 201 |
| Онлајн малтретирање (bullying) | 24 |
| Комерцијализација - Реклами, ... | 5 |
| Изложеност на несоодветни с... | 184 |
| Лажни вести, односно неточн... | 44 |
| Средби со непознати лица | 65 |
| Кражба/губење на лични под... | 20 |
| Other | 8 |




11. Дали Вие или Вашето дете сте се соочиле со содржини/фотографии на Интернет кои се неприкладни и/или вознемирувачки?

More Details

| | |
|---|---|
| Да | 236 |
| Не | 217 |
| Не сум сигурен/сигурна | 98 |




12. Ако сте загрижени за нешто на Интернет, дали знаете каде и на кого би го пријавиле тоа?
More Details
Insights
Да 148
Не 403

## Прилог В – Интервјуа со засегнати страни

### 3 декември 2021

| | |
|---|---|
| 10:00-10:30 | Психолог од основно училиште |
| 10:45-11:15 | Психолог од средно училиште |
| 11:30-12:00 | Државен совет за спречување на малолетничка деликвенција |
| 13:30-14:00 | Телеком |
| 14:15-14:45 | Центар за социјални услуги |

### 13 декември 2021

| | |
|---|---|
| 09:00-09:30 | Интегра Солушн |
| 12:30-13:00 | Интернет Хотлајн Провајдер-Македонија |
| 13:15-13:45 | УНИЦЕФ |
| 14:00-14:30 | Совет за етика во медиумите |

### 15 декември 2021

| | |
|---|---|
| 10:00 – 10:30 | Министерство за правда |

### 17 декември 2021

| | |
|---|---|
| 14:00-14:30 | АЕК |
| | Прва детска амбасада во светот Меѓаши-Република Македонија |

### 15 март 2022

| | |
|---|---|
| 14:30-15:00 | Министерство за внатрешни работи |

## Прилог Г – Кривичен законик

("Службен весник на Република Македонија" Бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005,60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12,166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14,196/15, 226/15, 97/17 and 248/18)

**Тек и прекин на застарувањето на кривичното гонење**

**Член 108**

(1) Застарувањето на кривичното гонење почнува од денот кога е сторено кривичното дело или настапила последицата. Ако делото е сторено спрема дете застарувањето на кривичното гонење почнува од денот на неговото полнолетство.

(2) Застарувањето не тече за времето за кое според законот гонењето не може да започне или да продолжи.

(3) Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот поради стореното кривично дело.

(4) Застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареност ќе стори, исто така, тешко или потешко кривично дело.

(5) За секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.

(6) Застареност на кривичното гонење настапува во секој случај кога ќе помине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на кривичното гонење.

Застареност на извршувањето на казната

**Article 122**

(1) Под кривично законодавство на Република Македонија се подразбираат одредбите на овој кривичен законик и одредбите содржани во другите закони.

(2) Под територија на Република Македонија се подразбираат сувоземната територија, водните површини внатре во нејзините граници, како и воздушниот простор над нив.

(3) Под поимот воено лице се сметаат: воени старешини-офицери и подофицери, професионални војници, војници на служење на воениот рок, питомци на Воената академија, лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери, воени обврзници во резервниот состав на Армијата на Република Македонија додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршување на воената обврска и цивилни лица на служба во Армијата на Република Македонија.

(4) Како службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело се смета:

а) претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната

самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организации,

б) државен службеник кој врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и управни работи во согласност со Уставот и со закон,

в) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања, како и овластено лице за застапување на здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот,

г) лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон,

д) воено лице кога се во прашање кривични дела кај кои како извршител е означено службено лице и

ѓ) претставник на странска држава или на меѓународна организација во Република Македонија.

(5) Како странско службено лице кога тоа е означено како сторител на кривично дело, се смета лице кое во странска држава, меѓународна организација или јавна институција врши некоја од функциите или должностите определени во ставот (4) точки а) до д) од овој член.

(6) Под правно лице се подразбираат: Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, политички партии, јавни претпријатија, трговски друштва, установи, здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот, фондации, финансиски организации и други со закон одредени организации регистрирани како правни лица и други заедници и организации на кои им е признато својството на правно лице. Под странско правно лице се подразбира јавно претпријатие, установа, фонд, банка, трговско друштво или друг облик на организираност според законите на странска држава во вршење на стопански, финансиски, банкарски, трговски, услужни или други дејности, кое има седиште во друга држава, или претставништво во Република Македонија, или е основано како меѓународно друштво, фонд, банка или установа.

(7) Како одговорно лице во правно лице се смета лице во правно лице на кое со оглед на неговата функција или врз посебно овластување во правното лице му е доверен определен круг на работи што се однесуваат на извршување на законските прописи или на прописите донесени врз основа на закон или општ акт на правното лице во управувањето, користењето и располагањето со имот, раководењето со производниот или деловен потфат, некој друг стопански процес или надзорот над нив. Како одговорно лице се смета и службено лице кога се во прашање дела кај кои како сторител е означено одговорно лице, а не се предвидени во главата за кривични дела против службената должност, односно како кривични дела на службено лице предвидени во некоја друга глава на овој законик. Кога е тоа посебно предвидено со овој законик, како одговорно лице се смета и лицето кое врши посебна функција или овластување или на кое му е доверено самостојно вршење на определени работи во странско правно лице, како и лицето кое е претставник на странско правно лице во Република Македонија.

(8) Кога како извршител на кривично дело е означено службено или одговорно лице, сите лица наведени во ставовите 4, 5 и 7 можат да бидат сторители на тие дела доколку од законските обележја на одделно дело не произлегува дека сторител може да биде само некое од тие лица.

(9) Како лице кое врши работи од јавен интерес се смета лицето кое врши функции, должности или работи од јавен, односно општ интерес, како што се наставник, воспитувач, лекар, социјален работник, новинар, нотар, адвокат или друго лице, кое тие работи ги врши самостојно или во правно лице кое врши дејност од јавен, односно општ интерес определен со закон.

(10) Како избори и гласање се сметаат изборите за претставници на граѓани во Собранието на Република Македонија и во локалната самоуправа, за претседател на Република Македонија и изјаснувањето на граѓаните на референдум.

(11) Исправа е секој предмет што е подобен или определен да служи како доказ на некој факт што има вредност за правните односи. Јавна исправа е исправа издадена од надлежен орган, организација или лице кое врши работи од јавен интерес врз основа на закон или друг пропис заснован врз закон.

(12) Пари се средства за плаќање во готово во апоени или електронски пари кои врз основа на закон се во оптек во Република Македонија или во странска држава.

(13) Под знаци за вредност се подразбираат и странски знаци за вредност.

(14) Како хартија од вредност се сметаат: акција, обврзница или друга хартија од вредност што се наоѓа во промет врз основа на закон во Република Македонија или во странска држава.

(15) Под платежни картички се подразбира секаков вид средства за плаќање издадени од банкарски или други финансиски институции кои содржат електронски податоци за лица и електронски генерирани броеви со кои се овозможува вршење на каков било вид на финансиски трансакции.

(16) Принос од казниво дело е секој имот или корист прибавена посредно или непосредно со извршување на казниво дело, како и принос од казниво дело сторено во странство, под услов во времето кога било сторено да било предвидено како казниво дело и според законите на државата во која е сторено и според законите на Република Македонија.

(17) Како подвижен предмет се смета и секоја произведена или собрана енергија за давање светлина, топлина или движење, како и телефонските импулси и други средства за пренос на глас, слика или текст на далечина или компјутерски услуги, собрана и дистрибуирана вода за пиење и други предмети во општа употреба.

(18) Како сила се смета и примената на хипноза и замајни средства со цел некој да се доведе против своја волја во несвесна состојба или да се онеспособи за отпор.

(19) Под социјален орган се сметаат центрите за социјална работа и другите установи што вршат социјална дејност.

(20) Како моторно возило се смета секое сообраќајно средство на моторен погон во сувоземниот, водниот и воздушниот сообраќај.

(21) Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

(22) Под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело.

Под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години.

(23) Под повеќе лица се подразбираат најмалку три или повеќе лица.

(24) Под детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник или повозрасно лице кое изгледа како малолетник, или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба.

(25) Под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница.

(26) Под компјутерски систем се подразбира каков било уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма.
(27) Под компјутерски податоци се подразбира презентирање на факти, информации или концепти во облик погоден за обработување преку компјутерски систем, вклучувајќи и програма подобна компјутерскиот систем да го стави во функција.

(28) Под група, банда или друго злосторничко здружение или организација се подразбираат најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела, во кој број влегува и организаторот на здружението.

(29) Под суд, судија и судска постапка се подразбира и меѓународен суд чија надлежност ја признава Република Македонија, судија и постапка пред тој суд.

(30) Под пијанство се подразбира состојба на алкохол во крвта над 1,5 грам-промил.

(31) Под експлозивна или друга смртоносна направа се подразбира секакво оружје или експлозивна или запалива направа, што може да предизвика смрт, телесна повреда или поголема имотна штета преку физичка повреда, емисија или ширење на штетни хемиски материи, биолошки агенси, токсични или слични супстанции или зрачење на радиоактивни материи, како и секое оружје или направа создадена за таква намена.

(32) Под јавно место се подразбираат згради, делови од згради, дворови, објекти за вршење трговска, културна, службена, образовна, религиозна, рекреативна или друга дејност, јавни патишта, отворени простори, водни површини и други места отворени и достапни за неограничен круг лица.
(33) Под помала имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на службено објавена една половина просечна месечна плата во Републиката во времето на извршувањето на делото.

(34) Под поголема имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на пет просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

(35) Под значителна имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 50 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

(36) Под корист, вредност или штета од големи размери, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 250 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

(37) Под чист дневен приход се подразбира нето надомест на име плата или други надоместоци од работен однос на име плата, како и други нето приходи од вршење дејности или имот и имотни права. Чист дневен приход се добива по одбивањето на даноците или другите законски обврски. Ако судот и на тој начин не може да го утврди чистиот дневен приход или неговото утврдување би предизвикало значително одолговлекување на постапката, како основа за негово утврдување, се зема еднодневната заработувачка според просечната плата во Републиката во последните три месеца во времето на пресудувањето.
(38) Под имот се подразбира пари или други инструменти за плаќање, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во пишан или во електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот.
(39) Под предмети се подразбираат движни и недвижни предмети кои се целосно или делумно искористени или требало да бидат искористени или настанале со извршување на кривично дело.
(40) Под заинтересирана страна во смисла на овој закон се подразбира лице кое има интерес во извршување на зделката од страна на друштвото доколку тоа лице, негов застапник,

сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајцата родители или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив:

- е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или
- поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или
- е член на органот на управување, односно на надзор на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таква зделка, или е раководно лице на тоа правно лице.

(41) Под насилство врз дете покрај насилството од ставот (21) на овој член се подразбира и психичко насилство, насилство преку интернет, врсничко насилство, како и демнење и следење на детето.

(42) Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.

**Убиство на дете при пораѓање**

**Член 127**

(1) Мајка којашто ќе го лиши од живот своето дете за време на пораѓањето или непосредно по пораѓањето во состојба на растројство предизвикано со пораѓањето ќе се казни со затвор од три месеци до три години.
(2) Обидот е казнив.

**Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство**

**Член 128**

(1) Тој што друг ќе наведе на самоубиство или ќе му помогне во извршувањето на самоубиството и тоа ќе биде извршено, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.
(2) Ако делото од став 1 е сторено спрема малолетник што наполнил 14 години или спрема лице кое се наоѓа во состојба на битно намалена пресметливост, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.
(3) Ако делото од став 1 е сторено спрема малолетник кој не наполнил 14 години или спрема непресметливо лице, сторителот ќе се казни според член 123.
(4) Тој што сурово или нечовечно постапува со лице кое спрема него се наоѓа во однос на некоја подреденост или зависност, па тоа поради таквото постапување ќе изврши самоубиство кое може да се пропише на небрежност на сторителот, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(5) Ако поради делата од ставовите од 1 до 4 самоубиството е само во обид, судот може сторителот да го казни поблаго.

## Клонирање

**Член 128-а**

Тој што ќе создаде човечко суштество генетски истоветно со друго живо или мртво човечко суштество, ќе се казни со затвор од три до десет години.

## Недозволени генетски манипулации на оплодување

**Член 128-б**

Тој што ќе оплоди јајце клетка од жена со сперматозоид од животно или животинска јајце клетка со сперматозоид од маж, или го замени ембрионот со пресадување на делови од други човечки или животински ембриони, или човечки клетки или човечки ембрион внесе во животно или животинска јајце клетка или ембрион внесе кај жена, ќе се казни со затвор од три до десет години.

**Противправно лишување од слобода**

**Член 140**

(1) Тој што друг противправно ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
(2) Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство, од омраза, или спрема дете, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.
(3) Обидот се казнува.
(4) Ако противправното лишување од слобода го стори службено лице со злоупотреба на службената положба или овластување, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(5) Ако противправното лишување од слобода траело подолго од 30 дена или е вршено на свиреп начин или ако на лицето противправно лишено од слобода поради тоа тешко му е нарушено здравјето или настапиле други тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.
(6) Ако лицето противправно лишено од слобода поради тоа го загубило животот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ**

**Силување**

**Член 186**

(1) Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од три до десет години.
(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(3) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.
(4) Тој што друг ќе присили на обљуба со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(5) Тој што во случаите од ставовите 1, 2 и 3 ќе изврши само друго полово дејствие, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од шест месеци до пет години, за делото од став 2 со затвор од една до десет години, а за делото од став 3 со затвор од три месеци до три години.

**Обљуба врз немоќно лице**

**Член 187**

(1) Тој што врз друг ќе изврши обљуба, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор, ќе се казни со затвор најмалку осум години.
(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.
(3) Ако поради делото од став (1) и став (2) настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица или делото е сторено од страна на повеќе лица, на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.
(4) Тој што во случаите од ставовите 1 и 2 ќе изврши само друго полово дејствие, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од три до пет години, а за делото од став 2 со затвор од три до десет години.

**Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години**

**Член 188**

(1) Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејство врз дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку 12 години.
(2) Ако поради делото од став (1) настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку 15 години или со доживотен затвор.
(3) На сторителот на делото од ставот (2) на овој член судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик.

**Обљуба со злоупотреба на положбата**

**Член 189**

(1) Тој што со злоупотреба на својата положба ќе наведе на обљуба или друго полово дејство лице кое спрема него се наоѓа во однос на подреденост или зависност или со иста намера го малтретира, застрашува или спрема него постапува на начин со кој се понижува човековото достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.
(2) Ако делото од ставот (1) на овој член го изврши крвен сродник во права линија или брат, односно сестра, наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, маќеа, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба или при вршење семејно насилство ќе изврши обљуба или друго полово дејствие со дете кое наполнило 14 години кое му е доверено заради учење, воспитување, чување или нега, ќе се казни со затвор најмалку десет години.
(3) На сторителот на делото од ставот (2) судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.

**Задоволување на полови страсти пред друг**

**Член 190**

(1) Тој што пред друг врши полово дејствие на јавно место, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
(2) Тој што пред дете кое наполнило 14 години врши полово дејствие или го наведува пред него или пред друг да врши такво дејствие, ќе се казни со затвор од три до осму години.
(3) Тој што пред дете кое не наполнило 14 години врши полово дејствие или го наведува пред него или пред друг да врши такво дејствие, ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

**Прикажување на порнографски материјал на дете**

**Член 193**

(1) Тој што на дете кое не наполнил 14 години ќе му продаде, прикаже или со јавно излагање на друг начин ќе му направи достапни слики, аудиовизуелни и други предмети со порнографска содржина или ќе му прикаже порнографска претстава, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.
(2) Ако делото е сторено преку средства за јавно информирање, сторителот ќе се казни со затвор од три до пет години.
(3) Со казната од став 2 ќе се казни тој што ќе злоупотреби дете кое наполнило 14 години за изработување на аудиовизуелни слики или други предмети со порнографска содржина или за порнографска претстава, како и тој што учествува во претставата.
(4) Ако делото од ставот (3) на овој член е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години.
(5) Тој што ќе присили дете кое наполнило 14 години на изработување и снимање слики или други предмети со порнографска содржина или за порнографска претстава, ќе се казни со затвор од најмалку осум години.
(6) Ако делото од ставот (4) на овој член е сторено врз дете кое не наполнил 14 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.
(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(8) Предметите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член ќе се одземат.

**Производство и дистрибуција на детска порнографија**

## Член 193-а

(1) Тој што произведува детска порнографија со цел за нејзина дистрибуција или ја пренесува или ја нуди или на друг начин ја прави достапна детската порнографија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.
(2) Тој што набавува детска порнографија за себе или за друг или поседува детска порнографија, ќе се казни со затвор од пет до осум години.
(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку осум години.
(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

**Намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години**

## Член 193 –б

Тој што преку компјутерско-комуникациски средства со закажување средба или на друг начин намамува дете кое не наполнило 14 години на обљуба или друго полово дејствие или на производство на детска порнографија и ако со таквата намера е остварена непосредна средба со малолетникот, ќе се казни со затвор од една до пет години.

**Родоскврнавење**

**Член 194**

(1) Тој што ќе изврши обљуба со крвен сродник во права линија или со брат, односно сестра, ќе се казни со затвор од пет до десет години.
(2) Ако делото од ставот (1) е сторено со малолетник кој наполнил 14 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

**Забелешка:** Согласно со член 32 од Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14), во ставот (2) зборовите „малолетник кој не наполнил“ треба да се заменат со зборовите „дете кое не наполнило“, меѓутоа во текстот се содржани зборовите „малолетник кој наполнил“.

**Објавување на судска пресуда**

## Член 194-а

При осуда за кривично дело од оваа глава сторено спрема малолетно лице кое не наполнило 14 годишна возраст судот, по барање на јавниот обвинител, ќе одлучи на сметка на осудениот да се објави правосилната судска пресуда или извод од неа преку средствата за јавно информирање, со заштита на личните податоци на жртвата.

**Вонбрачен живот со дете**

**Член 197**

(1) Полнолетно лице кое живее во вонбрачна заедница со дете кое навршило 14 години, а не навршило 18 години, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.
(2) Со казната од став 1 ќе се казни и родителот, посвоителот или старателот кој на дете кое навршило 14 години, а не навршило 18 години, ќе му допушти да живее во вонбрачна заедница со друго лице или ќе го наведе на тоа.
(3) Ако делото од став 2 е сторено од користољубие, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.
(4) Ако делото од ставовите (1) и (2) е сторено со малолетно лице кое наполнило 16 години, а не навршило 18 години, гонењето се презема по предлог.

**Одземање дете**

**Член 198**

(1) Тој што противправно ќе одземе дете од родител, посвоител, старател, од установа или од лице на кое му е доверено или спречува тоа да биде кај лице кое има право на тоа или оневозможува извршување на извршна одлука за доделување на дете, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 е сторено од користољубие или други ниски побуди или со примена на сила, закана или измама или ако поради тоа потешко е загрозено здравјето, воспитувањето, издржувањето или школувањето на дете, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) При изрекувањето условна осуда, судот може да му наложи на сторителот да го врати дете или да овозможи извршување на извршната одлука за доделување на дете.

(4) Ако сторителот на делото од став 1 доброволно го врати детето или овозможи извршување на извршна одлука, може да се ослободи од казна.

**Промена на семејна состојба**

**Член 199**

(1) Тој што со подметнување, замена или на друг начин ќе ја промени семејната состојба на детето, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Обидот е казнив.

**Напуштање немоќно дете**

**Член 200**

Родител, посвоител, старател или друго лице на кое му е доверено немоќно дете кое ќе го напушти, со намера трајно да се ослободи од него, ќе се казни со затвор од три до пет години.

**Запуштање и малтретирање на дете**

**Член 201**

(1) Родител, посвоител, старател или друго лице кое со грубо запоставување на својата должност за грижа и воспитување ќе го запушти дете или ќе го малтретира, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни родител, посвоител, старател кој присилува дете на работа што не одговара на неговата возраст и физичка сила или од користољубие го наведува на питање или на вршење други дејствија што се штетни за неговиот развиток.

(3) Ако поради делата од ставовите 1 и 2 настапила тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на дете или дете се оддало на питање, проституција или други облици на асоцијално однесување, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) или (3) на овој член е сторено спрема дете со давање наркотични дроги или психотропни супстанци, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

**Насилство врз дете**

**Член 201-а**

Тој што ќе изврши физичко, психичко или друг вид насилство спрема дете, ќе се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до три години.

**Точење алкохолни пијалаци на дете**

**Член 204**

(1) Тој што во угостителски или друг дуќан или место каде што се точат и продаваат алкохолни пијалаци ќе послужи дете кое наполнило 14 години, ќе се казни со парична казна или со затвор од три месеци до три години.
(2) Ако делото од став 1 е сторено спрема пијан дете кое наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеца до три години.
(3) Ако делото од став 1 е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.
(4) Ако делото од ставовите 1, 2 и 3 го стори правно лице ќе се казни со парична казна.
(5) Ако на сторителот му изрече казна затвор или условна осуда со утврдена казна затвор, судот ќе му изрече и казна забрана за вршење на дејност.

**Овозможување на употреба наркотични дроги**

**Член 216**

(1) Тој што наведува друг на уживање наркотични дроги или му дава наркотични дроги да ги ужива тој или друго лице или ќе стави на располагање простории заради уживање наркотични дроги или на друг начин му овозможува на друг да ужива наркотични дроги ќе се казни со затвор од една до пет години.
(2) Ако делото од став 1 е сторено спрема дете кое наполнило 14 години или спрема повеќе лица или предизвикало особено тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.
(3) Ако делото од ставот (2) на овој член е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години.
(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(5) Наркотичните дроги, како и подвижните или недвижните предмети употребени за нивно пренесување или растурање, или посебно наменети или ставени за употреба, ќе се одземат.